„Сите вие сте пастири, и секој пастир ќе одговара за своето стадо

Абдулах бин Амр, радијаллаху анху, пренесува дека: Аллаховиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Сите вие сте пастири, и секој пастир ќе одговара за своето стадо. Владетелот е пастир и е одговорен за своето стадо, човекот е пастир за своето семејство и е одговорен за своето стадо, жената е пастир во куќата на нејзиниот маж и е одговорна за своето стадо, а слугата е пастир на имотот на својот господар и е одговорен за своето стадо. Значи, сите вие сте пастири и сите вие сте одговорни за вашите стада.“

[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, ни кажува дека секој муслиман има свој дел од одговорноста во општеството кој треба да го понесе и да се грижи за истиот. Владетелот и емирот се грижат за тоа што им е доверено. Тие се грижат за законот (Шеријатот), не ги загрозуваат правата на поданиците, ја штитат територијата од надворешни напади и се борат против непријателот. Човекот е одговорен во своето семејство. Тој е должен финансиски да се грижи за семејството, добро да се однесува со членовите, да ги воспитува и подучува. Жената е пастир во куќата на својот маж, во раководењето со домот, воспитувањето на децата, сето тоа е нејзина одговорност. Слугите, робовите и работниците се одговорни за имотот на својот господар или работодавач. Тие се должни одговорно да ја исполнат својата обврска и служба. Секој поединец е пастир во она што му е доверено, и секој индивидуално е одговорен за довереното.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/5819